**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотар Г.Ѓ од В., по одржаната расправа во согласност со член 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 30.9.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Нотарот Г. Ѓ. од В **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр. 126/24 при прием на приговор од 1.8.2024 година од страна на полномошникот на должникот адвокат Д.Ј. од В, употребил Штембил за потврдување на прием на списи (Образец бр.20 од ППЖШ), наместо на задната страна од писменото нотарот да го користи Штембилот за прием на писменото-Приемен штембил (Образец бр. 3 од ППЖШ), со што постапил спротивно на член 7 став (1) точка 3) од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жиг за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

2. Нотарот Г. Ѓ. од В **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во Уписникот за нотарски платен налог за 2024 година, при уписот на предметот НПН бр.126/24 од 19.7.2024 година, каде е евидентирано дека предметот со списите е доставен во суд по приговор, ја пополнил рубриката за правосилност и извршност и ја упишал датата 5.8.2024 година, иако решението не било правосилно и извршно, со што нотарот постапил спротивно на член 111 од Законот за нотаријатот и член 2 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на

нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

**Претседател Советот,**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;